CIVICA MOBILITAS

# ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА

ЈАНУАРИ - МАРТ 2026 // CIVICAMOBILITAS.MK

МАГАЗИН БР.24




Фото: Платформа „Медуза“


Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

# СТАРО-НОВИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Предлог - Законот за здруженија и фондации, односно коментарите и предлозите поврзани со него предизвикаа повеќе дебати во граѓанскиот сектор во почетокот на годината. Ова беше и разбирливо ако се има предвид дека станува збор за основниот закон според кој функционираат граѓанските организации.

Поднесените околу 130 коментари многу јасно го покажуваат интересот за тоа како ќе биде регулирана работата на граѓанските организации и дали новиот закон ќе го прошири или ќе го стесни просторот за работа на граѓанскиот сектор.

Најчесто коментирани се членовите од предлог-законот кои се однесуваат на вршењето економски активности и кофинансирањето на проектите од меѓународни донатори. Новиот текст на предлог-законот се уште не сме го виделе, а според најавите дека ќе биде испратен на разгледување и во Венецијанската комисија, големи се шансите годината да ја завршиме „по старо“.

Паралелно со оваа дебата, финансирањето на граѓанските организации остана хронична тема. Колегите од УНДП презентираа истражување според кое јавните средства за граѓанските организации речиси се учетвориле за шест години — но и дека зад оваа бројка се крие структурен проблем. Според истражувањето, над 37 проценти од националното финансирање во 2024 година е распределено без јавен повик и без транспарентна постапка.

На локално ниво, спортот апсорбира и до 95 проценти од средствата, оставајќи маргинален буџет за организациите кои работат со млади, жени, животна средина и социјална правда.

Покрај овие две теми, посветени на околината во која функционираат граѓанските организации, новото издание на магазинот „Граѓаните за промена“ се осврнува и на работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество како и на новата интерактивна платформа на БЦСДН која ги прави регионалните податоци за граѓанскиот сектор попристапни.

Во темите поврзани со граѓанското учество, новиот број ги следи напорите за застапување на граѓанските организации поврзани со бесплатната здравствена заштита на Ромките и нивните деца, капацитетите на Јавното сообраќајно претпријатие, функционалноста и достапноста на јавниот простор за сите, работата на Агенцијата за слободен пристап до информации како и енергетската транзиција која претставува длабока општествена трансформација.

Преку граѓанскиот активизам, организациите адресираа повеќе прашања поврзани со правата на жените и девојките, животната средина, заштитата на личните податоци, инклузијата на лицата со попреченост итн.

Новиот број на „Граѓаните за промена“ ги следи овие процеси, ги документира и верува дека информираниот граѓански сектор е најдобриот коректив на политичките одлуки.

Пријатно читање!

Гонце Јаковлеска
Национален координатор на
Цивика мобилитас за ИКО

***Им благодариме на:*** Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата, Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Советот на ЕУ, Граѓанскиот ресурсен центар (ГРЦ), Организација „Жена“ од Делчево, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ Скопје (ИДСЦС), Граѓанската иницијатива „НаТочак“, Иницијативата за правата на жените од Шуто Оризари, Центарот за граѓански комуникации (ЦГК), Платформата за борба против корупцијата, Македонското здружение на млади правници (МЗМП), Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС, Институтот за истражување и анализа на политики Ромалитико, ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Институтот за комуникациски студии (ИКС), Извидничкиот одред „Мирко Милески“ Кичево, Дневниот центар „Доза среќа“, ИМПЕТУС Центар за интернет, развој и добро управување, Здружението на новинарите (ЗНМ), „Медуза“ за поддршката и пристапот до информациите при подготовката на текстовите за овој број. ***Фото архива:*** Цивика мобилитас, Граѓански ресурцен центар, „Медуза“, ЦГК, ЗНМ, МЗМП, „На Точак“, Ромалитико, ИДСЦС, „Доза Среќа“, ИО „Мирко Милески“, ХЕРА, РЕСИС, МИА, ИКС, Одделението за соработка со невладини организации, Министерство за правда.



ТЕМА

# ОВОЗМОЖУВАЧКА ОКОЛИНА

# Стопанските дејности и кофинансирањето – најспорните членови на новиот Закон за здруженија и фондации




Министерството за правда во февруари оваа година одржа серија јавни расправи за Предлог-законот за здруженија и фондации во Битола, Гостивар, Штип и Скопје. Расправите беа организирани со поддршка од проектот „Техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од ЕУ и беа отворени за сите заинтересирани, а коментарите кои произлегоа од расправите беа разгледани рамноправно со писмените забелешки доставени преку Електронскиот национален регистар на прописи (ЕНЕР). Резултатот од јавните расправи и ЕНЕР беа повеќе од 130 коментари на предлог-законот. Ова е заокружување на една фаза во подготовката на нацрт-законот која започна во август 2025 година со поинтензивните состаноци на работната група.

Членот 56 за стопанските дејности е далеку најдискутираниот заради предложениот пристап во нацрт-законот кој бара да се наведат стопанските дејности во статутот на организацијата. Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата бара „законот да ја регулира оваа област по примерот на досегашното правно решение", додека Конект предупредува дека ваквиот пристап може да предизвика „нелојална конкуренција на пазарот, како и злоупотреби за стекнување финансиска полза преку користење на пониска даночна стапка".

Многу коментари доби и членот 78 за кофинансирање на проекти од меѓународни донатори. Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) оценува дека нацрт-законот „создава нормативна празнина која не може уставно да се пополни со уредба на Владата", бидејќи не го именува директно надлежниот орган за распределба на средствата. Балканската мрежа за развој на граѓанското општество (БЦСДН) го наведе примерот на Црна Гора, каде „најмалку 0,5% од тековниот државен буџет се издвојуваат за невладините организации", вклучително и 0,1% за кофинансирање на проекти, како модел вреден за разгледување.

Дискусија предизвика и членот 83 за условите за учество на јавни повици, кој бара организацијата „во последните две години да имплементирала проект со најмалку иста вредност" како оној за кој се пријавува. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, МЦМС и Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата бараат целосно бришење на тој услов, со аргумент дека капацитетот треба да се вреднува „како критериум во постапката за евалуација, а не како претходен услов за подобност".

МЦМС достави **21 предлог** за измени и дополнување , кои се однесуваат на 14 членови на нацрт-законот. Дел од предлозите се однесуваат на легитимното работење на органите на граѓанските организации, стопанските дејности, одговорноста на членовите, постапките за распределба на јавни средства, критериумите за евалуација, улогата и составот на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

Работната група на Министерството за правда ги разгледува пристигнатите коментари пред да ја подготви финалната верзија на нацртот. Повеќе учесници во расправата инсистираа нацрт-законот „да биде доставен на мислење до Венецијанската комисија" пред усвојување од Владата и доставен на разгледување и усвојување од Собранието.

Ако се има предвид дека праксата на Венецијанската комисија за разгледување закони е меѓу два и четири месеци, првичните очекувања на граѓанските организации дека новиот Закон ќе го имаат до јуни, нема да се остварат.

# Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во фокусот ги стави законските измени, државното финансирање и квалитетот на консултациите

Во првите три месеци од 2026 година, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество одржа три седници на кои членовите разгледуваа законски решенија, извештаи и програми важни за работата на граѓанските организации. Седниците во јануари, февруари и март ги водеше претседателката на Советот, Никица Кусиникова.



Во јануари, членовите на Советот расправаа за Предлог-законот за здруженија и фондации и побараа да се подготви мислење со конкретни предлози за подобрување на законскиот текст. Советот ги разгледа и документите за финансирање на здруженијата и фондациите за 2026 година, при што членовите изразија загриженост поради намалената финансиска поддршка во споредба со 2025 година и препорачаа во иднина средствата да не бидат пониски од досегашните 20 милиони денари.

На февруарската седница, Советот го разгледа Нацрт-извештајот за својата работа во 2025 година и оцени дека треба да се дополни со повеќе информации за ефектите и постигнатите цели. Членовите дадоа препораки и за годишниот извештај за спроведување на Стратегијата за соработка со граѓанското општество, особено во делот на финансирањето и потребата од потранспарентен механизам за државна поддршка на организациите.

Посебно внимание беше посветено и на консултациите со граѓанските организации при подготовка на закони и стратегии. Советот побара институциите да обезбедат посуштински дијалог со организациите и по завршувањето на консултациите на ЕНЕР да објавуваат појасни информации за добиените предлози и причините зошто дел од нив не биле прифатени.

Во март, членовите едногласно го усвоија Извештајот за работата на Советот во 2025 година. Тие го разгледаа и Предлог-законот за социјални претпријатија и задолжија Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да подготви мислење со клучните забелешки од дискусијата. На седницата членовите разговараа и за плановите на министерствата за финансиска поддршка на граѓанските организации во 2026 година и побараа да се изработи табеларен приказ со податоци од сите министерства.

Преку овие седници, членовите на Советот работеле на подобрување на законската рамка, следење на државното финансирање, унапредување на консултациите и поголема отчетност на институциите кон граѓанските организации.

# Каква е состојбата со финансирањето на граѓанските организации во Македонија

Финансирањето на граѓанскиот сектор во Македонија скоро се учетворило за шест години. Системот за финансирање на граѓанските организации во земјава се темели на закони, подзаконски акти, кодекси и стратешки документи што ја уредуваат правната основа, институционалните надлежности, буџетските механизми и процедурите за распределба на јавни средства. Сепак, „и покрај развиената рамка, примената останува нерамномерна, а процедурите и критериумите не се доволно усогласени меѓу институциите и општините", смета авторот Борче Треновски.

Наодите од „Анализата на регулаторната рамка и постојните механизми за финансирање на граѓанските организации на национално и локално ниво" беа презентирани пред претставници на институциите и граѓанските организации на 17 март 2026 година во Скопје. Работилницата беше организирана во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (**Regional Programme on Local Democracy in the Western Balkans**), финансирана од Европската унија и спроведувана од УНДП.

Еден од клучните наоди од Анализата покажува дека вкупното јавно финансирање на граѓанските организации пораснало од 419 милиони денари во 2018 на речиси две милијарди во 2024 година, односно раст за скоро четири пати. Зад оваа бројка се крие структурен проблем. Имено, над 37 проценти од националното финансирање во 2024 година е распределено без јавен повик, без транспарентна постапка, без критериуми достапни за јавноста и без еднакви шанси за сите организации. Уште позагрижувачко, уделот на средствата кои се делат без оглас расте: во 2022 и 2023 бил околу 32 проценти, а во 2024 скокнал на 37,64.

Под „финансирање на граѓански организации" во буџетските документи се мешаат спортски клубови, политички партии и верски заедници, субјекти со сосема различна улога во општеството. За да се добие почиста

слика, анализата ги вклучи и податоците од платформата Цивика мобилитас, која ги следи алокациите кон организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, исклучувајќи ги спортот и другите категории. Споредбата на двата извора за периодот 2019–2023 ја открива длабочината на проблемот: за 2023 година, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество евидентирал над 1,34 милијарди денари финансирање на граѓански организации, додека податоци на Цивика мобилитас за истата година покажуваат само 332 милиони денари. Разликата од над милијарда денари не е грешка, туку директна последица на тоа што под истата буџетска линија влегуваат сосема различни корисници. Додека двата извора се прилично усогласени кај министерствата за животна средина и за политички систем, најголемите отстапувања се кај Министерството за труд и социјална политика и кај Агенцијата за млади и спорт. Кога толку е голема разликата меѓу изворите, реалната слика за тоа каде одат парите е практично нечитлива.

На локално ниво, состојбата е уште поизразена. Според податоците од Анализата, во Аеродром, Центар, Штип и Кавадарци спортот апсорбира помеѓу 75 и 95 проценти од сите средства наменети за граѓански организации, оставајќи маргинален буџет за организациите кои работат на права на жени, млади, животна средина и социјална правда. Во Кавадарци, здруженијата и фондациите во четири последователни години, од 2018 до 2021, не добиле ни денар. Единствен исклучок е Берово, каде организациите добиваат редовно до 46 проценти од буџетот наменет за граѓански организации. Мала општина, ограничен буџет, но балансирана распределба и доказ дека промената е можна кога постои волја.

Анализата е клучен чекор за идентификување на можностите за подобрување и се темели на петте основни принципи на методологијата LOD: транспарентност, инклузивност, ефикасност, континуитет и универзалност. Таа веќе е тестирана во петте општини опфатени со ReLOaD програмата (Аеродром, Берово, Центар, Штип, Кавадарци), а претставниците на Берово посочуваат дека им помогнала да ги подобрат транспарентноста и структурата на финансирањето.

Граѓанските организации, кои работат со ранливи категории, млади и застапување, се соочуваат со проблеми кога финансирањето е непредвидливо. Тоа ја отежнува нивната работа, планирање и задржување кадар.

Анализата нуди 11 препораки, меѓу кои: воведување национален минимален стандард за финансирање на граѓански организации применлив за сите министерства, задолжителен јавен оглас со строго ограничени исклучоци, реформа на буџетската класификација, национален дигитален портал за транспарентност и постепена повеќегодишна поддршка. Сепак, останува прашањето дали институциите ќе имаат волја да ги применат.

## Подостапни податоци за граѓанското општество во регионот

Мрежата за развој на балканското граѓанско општество (БЦСДН) публикуваше нова интерактивна платформа (dashboard) за податоците од Матрицата за мониторинг на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество. На овој начин, податоците од ова истражување кое се спроведува во шест земји од Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија и Црна Гора) станаа попристапни за анализа, споредба и практична употреба.

Таа ја трансформира Матрицата за мониторинг од статичен извештај во динамична дигитална алатка, изградена во алатка за визуелизација на податоци (Power BI).

Корисниците, од истражувачи и креатори на политики до граѓански организации, можат да добијат увид во конкретни области како слободата на здружување, државното финансирање или вклученоста во креирање политики на многу побрз и поедноставен начин.

Интерактивната алатка ги претставува на едно место податоците за законската, регулаторната и финансиската средина во која функционира граѓанското општество во регионот. Таа нуди описни извештаи и овозможува податоците да се пребаруваат, споредуваат и визуелизираат.

Платформата овозможува филтрирање по држави, години, области, подобласти и стандарди, со цел корисниците полесно да ги најдат податоците што им се потребни и да ги споредуваат трендовите низ времето.

За граѓанскиот сектор, ваквата интерактивна алатка е важна затоа што овозможува подобро разбирање на долгорочните трендови, споредба меѓу земјите и навремено препознавање на областите каде што се потребни реформи. За институциите и донаторите, таа е извор на податоци што може да помогне во креирање политики и поддршка насочена кон реалните потреби на граѓанското општество.

Матрицата за мониторинг покажува дека податоците освен како техничка алатка, се и основа за информирано застапување, јавен дијалог и следење на тоа дали законите, политиките и практиките навистина создаваат простор во кој граѓанските организации можат слободно, одржливо и ефективно да работат.

Покрај истражувачка рамка, Матрицата станува и алатка за активно застапување. Таа им помага на организациите да ги аргументираат своите барања, на институциите да ги препознаат слабостите, а на јавноста да добие појасна слика за тоа колку навистина е овозможувачка околината во која делува граѓанското општество.

Во моментов се поставени податоците за шесте земји од 2019 до 2024 година. Матрицата ги следи условите за работа на граѓанските организации преку три клучни области: основни правни гаранции на слободите, рамка за финансиска одржливост на граѓанските организации и односот меѓу Владата и граѓанскиот сектор.

# Отворен Младински центар во Делчево



Во јануари, општина Делчево го отвори Младинскиот центар со кој младите добија нов простор за активизам, вмрежување и учество во локалниот општествен живот. Центарот беше промовиран на првата средба на новиот состав на Локалниот младински совет, со што и официјално ги отвори вратите за младите во општината.

Отворањето на Центарот претставува одговор на барањата на младите, кои преку буџетските форуми го дефинираа како приоритет за 2026 година. На овој начин се потврдува значењето на граѓанското учество во креирањето локални политики и услуги.

Младинскиот центар е замислен како отворен и инклузивен простор достапен за сите млади, каде тие ќе можат да се вклучат во обуки, работилници, културни и креативни активности, како и иницијативи од интерес за заедницата. Просторот има за цел да ја поттикне нивната активност, соработка и вклученост во општествениот живот.

Со Центарот ќе раководи граѓанската организација „ЖЕНА“ од Делчево, која преку различни програми и активности ќе работи на поддршка на младите и нивниот развој.

Отворањето на Младинскиот центар беше обврска на општина Делчево согласно Законот за младинско учество.

# Граѓанско учество

## Во Скопје дневно возат само 157 од вкупно 341 автобуси на ЈСП „Скопје“

Центарот за граѓански комуникации ги објави **истражувањето** и **базата на податоци** за капацитетите на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје. Истражувањето открива загрижувачки бројки.

Само 157 автобуси дневно се пуштаат во сообраќај од вкупно 341 со кои располага Јавното сообраќајно претпријатие „Скопје“.

Податоците укажуваат на значително намалување на јавниот превоз во главниот град. За десет години, бројот на превезени патници е намален за околу 30 милиони годишно – од 52 милиони патници во 2015 година, на околу 22 милиони денес.

Како што велат од ЦГК, „состојбата е најлоша, кога станува збор за исправните автобуси“. Според истражувањето, од вкупно 341 автобус, 185 се технички исправни, но во дневен сообраќај се вклучуваат 157.

Истовремено, расте просечната старост на возниот парк, која изнесува 13,3 години и е највисока во последните десет години. Повеќе од 80 отсто од автобусите се од марките „Јутонг“ и „ЛАЗ“, додека претпријатието располага и со десет автобуси „Санос“, стари 33 години.

Во однос на еколошките стандарди, само околу 10 отсто од возниот парк исполнува Еуро 6 стандард, додека останатите возила се Еуро 4 и Еуро 5.

Истражувањето е изработено врз основа на годишните извештаи на ЈСП „Скопје“ и податоци добиени преку слободен пристап до информации од јавен карактер.

До целото истражување можете да пристапите преку следниот **линк**.



# „На Точак“ бара најдобри решенија за сите граѓани на Скопје



Додека низ Скопје се одвиваат интензивни реконструкции на улици, булевари, тротоари и друга патна инфраструктура, граѓанската иницијатива „На Точак“ повторно излегува во јавноста со порака дека обновата на градот мора да значи вистинско подобрување за сите, а не создавање пречки во јавниот простор.

Со дописи до Град Скопје и до Министерството за транспорт, иницијативата, која со години се залага за подобро велосипедско и попристапно Скопје, отвора две важни прашања: како се изведуваат тековните реконструкции на терен и зошто сѐ уште доцни донесувањето на Правилникот за велосипедска инфраструктура.

Повод за нивната реакција до Град Скопје е состојбата на улицата „Никола Парапунов“ во Карпош 4, каде што при реконструкција на пешачката патека, започната во февруари 2026 година, биле забележани нови рабници поставени под агол, наместо целосно слеани премини. Според „На Точак“, ова е пример како добрата намера за подобрување на инфраструктурата може да се претвори во нова пречка за дел од граѓаните, ако не се почитуваат веќе воспоставените стандарди за пристапност.

Тие потсетуваат дека тротоарите и пешачките премини не ги користат само пешаците, туку и лицата со попреченост, корисници на инвалидски колички, родители со бебешки колички, повозрасни граѓани, како и сите оние кои се движат со велосипед, тротинет или други помагала со тркала. Нагласуваат дека „секоја друга форма претставува физичка пречка и го отежнува движењето“, а уште посилно предупредуваат дека „еден подигнат рабник е како бездна, амбис, непремостлива пречка за лицата со инвалидски колички“. Со ова, „На Точак“ сака да покаже дека на прв поглед мал инфраструктурен детаљ, во пракса, за некого може да значи целосна исклученост од јавниот простор.

За нив, прашањето не е дали некаде има означена велосипедска траса, туку дали јавниот простор е направен така што ќе биде функционален и достапен за сите.

„На Точак“ не останува само на критика, туку нуди и конкретни решенија. Предлага рабниците да се коригираат додека траат градежните активности, вклучително и на повеќе локации низ градот, како булеварите „Партизански Одреди“ и „Илинден“, како и улиците „Македонија“, „11 Октомври“, „Кочо Рацин“ и други делници каде што се изведуваат работи. Пораката е дека грешките не смеат да се поправаат само таму каде што граѓаните гласно реагираат, туку дека правилата мора да важат насекаде.

Според нив, не е доволно добрите правила да стојат на хартија, ако тие не се искомуницирани и почитувани од сите вклучени во процесот од проектирањето, преку изведбата, до надзорот.

Покрај ова, „На Точак“ го отвора и прашањето за доцнењето на Правилникот за планирање, проектирање и одржување на велосипедска инфраструктура. Иако иницијативите за негово донесување постојат повеќе од една деценија, а законските услови се создадени со измените од 2025 година, процесот сѐ уште не е завршен. Оттаму бараат институциите јасно да одговорат каде е закочена постапката за негово усвојување.

Во обраќањето до Министерството, тие не кријат разочараност од долгото чекање, но истовремено и натаму нудат соработка. „Сметаме дека помина доволно време и би било штета Правилник кој е од јавен интерес да остане заглавен ‘по фиоки’“, наведуваат тие. Дополнително посочуваат дека Македонија, заедно со Албанија и Косово, е меѓу последните држави во Европа што немаат ваква регулатива, и дека донесувањето на правилникот би значело голем исчекор напред, особено ако се земе предвид дека, според нив, подготвениот документ би бил меѓу поквалитетните во регионот.

„На Точак“ не дејствува само како критичар на институциите, туку како активен граѓански чинител што со години следи, анализира, предлага и реагира. Тие порачуваат дека „не може истовремено да имаме и напредок, и статус кво“.



# Ромките и доенчињата и понатаму се соочуваат со сериозни бариери во пристапот до бесплатна и квалитетна здравствена заштита




Работилницата, организирана од Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари во февруари, ги собра претставниците на институциите, здравствените работници и граѓанските организации на дискусија за пристапноста и квалитетот на здравствените услуги за ромската заедница.

На средбата беа презентирани наоди од теренско истражување, кои покажуваат дека бесплатните гинеколошки услуги сепак се наплатуваат што е дополнителен товар за жените, особено за оние од ранливите групи. Покрај тоа, врз здравјето на жените во репродуктивен период и здравјето на доенчињата директно влијаат и недоволната информираност за правата, административните пречки и ограничениот пристап до бесплатни услуги.

Во дискусијата учествуваа претставници од Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување, Лекарска комора на Република Северна Македонија, Македонската асоцијација на гинеколози и опстетричари, како и матични лекари и претставници на граѓанскиот сектор.

Тие ја нагласија потребата од поголема вклученост на граѓанските организации во креирањето на здравствените политики, спречување и санкционирање на незаконската наплата од страна на матичните гинеколози преку засилен инспекциски надзор и јасни механизми за пријавување, како и подобра информираност на граѓаните за нивните права. Посебен акцент беше ставен и на транспарентноста во трошењето на средствата и зајакнувањето на соработката меѓу институциите и заедницата.

Работилницата покажа дека унапредувањето на здравствените права не може да се постигне без активно учество на самите граѓани и граѓанските организации, кои преку вакви процеси стануваат клучен фактор во креирањето на пофер и подостапни јавни услуги.

Активноста е дел од проектот „Унапредени здравствени права на девојките, жените и ранливите групи", поддржан од Владата на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас, а го спроведуваат ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, ЕСЕ – Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените, Заедно посилни и Иницијативата за правата на жените од Шуто Оризари.

# Платформата за борба против корупцијата бара итно именување раководство во Агенцијата за слободен пристап до информации

Во јануари, Платформата на граѓански организации за борба против корупцијата упати повик до пратениците во Собранието на Република Северна Македонија за итно именување директор и заменик-директор на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Од Платформата посочуваат дека Агенцијата има клучна улога во заштитата на правото на граѓаните за пристап до информации од јавен карактер. Таа е нефункционална откако истекол на мандатот на претходното раководство, а не биле именувани нови функционери од Собранието. Тие потсетуваат дека правото на пристап до информации е уставно загарантирано човеково право и е регулирано со меѓународни и европски конвенции, а неговото остварување е основа за транспарентност и отчетност на институциите.

Во реакцијата се наведува дека пристапот до информации од јавен карактер им овозможува на граѓаните да се информираат за нивните права и обврски, да користат јавни услуги, да учествуваат во процесите на донесување одлуки и да бараат одговорност од институциите. Се истакнува дека ова право е важна алатка за граѓанските организации, медиумите и истражувачките новинари во борбата против корупцијата и откривањето неправилности во работењето на јавните институции.

Поради неименувањето директор и заменик-директор, Агенцијата не може да одлучува по жалби од баратели на информации, ниту целосно да ги извршува своите законски надлежности, со што, како што се наведува, се ограничува пристапот на граѓаните до информации за работата на институциите и трошењето на јавните средства. Платформата ги повика пратениците итно да именуваат раководство, за да се овозможи непречено функционирање на Агенцијата и континуирана заштита на правото на граѓаните за пристап до информации од јавен карактер.

# Енергетската транзиција носи предизвици, но и конкретни мерки за граѓаните



Енергетската транзиција во Република Северна Македонија веќе не е прашање на избор, туку на нужност. Како што укажува Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје (ИДСЦС), овој процес е дел од пошироката реформска агенда и е тесно поврзан со европските обврски и климатските цели на државата. Сепак, и покрај декларативната посветеност, останува отворено прашањето дали постојните политики се доволно јасни, координирани и спроведливи.

Во пракса, транзицијата подразбира постепено напуштање на јагленот, кој сè уште има централна улога во производството на електрична енергија. Анализите на ИДСЦС укажуваат дека токму оваа зависност ја става државата во комплексна позиција: да обезбеди енергетска стабилност, а истовремено да ги намали емисиите. Но, клучниот недостаток е што временската рамка за излез од јагленот останува нејасна, што создава неизвесност и за инвеститорите и за јавноста.

Решенијата, според ИДСЦС, се насочени кон забрзано инвестирање во обновливи извори, особено сончева и ветерна енергија. Реформската агенда предвидува зголемување на овие капацитети за најмалку 0,8 GW до јуни 2027 година, што претставува амбициозен чекор напред. Сепак, како што укажува ИДСЦС, реализацијата на овие планови се соочува со сериозни административни бариери, сложени, долготрајни и често неусогласени процедури за добивање дозволи, кои го забавуваат развојот на проектите. Во таа насока, најавата од надлежните институции за воведување Годишен план за изградба на енергетски објекти со новиот закон за енергетика може да претставува чекор напред, но останува да се види дали тоа ќе значи и суштинско забрзување на процесите.

Паралелно, до 2030 година се планира поставување на 250 фотоволтаични системи на покриви со вкупна инсталирана моќност од 250 MW. Овие системи би се користеле првенствено за сопствени потреби или за складирање на енергија, што укажува на постепен премин кон подецентрализиран и поодржлив енергетски модел. Сепак, и тука останува прашањето дали постојат доволно финансиски и технички механизми за да се поттикне ваквата трансформација во пракса.

Особено чувствително прашање е социјалната димензија на транзицијата. Како што нагласува ИДСЦС, концептот на „праведна транзиција“ е препознаен, но сè уште недоволно разработен во конкретни политики. Предвидено е до крајот на 2027 година околу 300 вработени во РЕК Битола и 50 во ТЕЦ Осломеј да поминат низ процес на преквалификација, при што најголем дел од нив би требало да најдат ново вработување. Иако ова е значаен чекор, останува отворено прашањето дали ваквите мерки се доволни на подолг рок, особено имајќи го предвид ризикот од енергетска сиромаштија и потребата од создавање нови економски можности во погодените региони.

Дополнително, реформите предвидуваат и конкретни обврски на локално ниво. До јуни 2027 година, сите општини и Градот Скопје треба да воведат енергетски ефикасно улично осветлување, што може да придонесе за значително намалување на потрошувачката. Во секторот домување, пак, се предвидува задолжително воведување калориметри во новите згради приклучени на централно греење, со цел пофер и попрецизно мерење на потрошувачката на топлинска енергија. Но, како што укажуваат анализите на ИДСЦС, ваквите мерки често се соочуваат со предизвици во имплементацијата, особено на локално ниво каде административните и финансиските капацитети се ограничени.

На крајот, како што може да се заклучи и од анализите на ИДСЦС, енергетската транзиција не е само технички процес, туку длабока општествена трансформација. Но, без јасни рокови, доследна имплементација и реална институционална подготвеност, постои ризик амбициозните планови да останат недоволно реализирани. Токму затоа, клучниот предизвик не е во поставувањето на целите, туку во нивното претворање во конкретни и мерливи резултати.

**Извештајот** е изработен од страна на Институт за демократија „Социетас Цивилис”, во рамки на проектот „Зајакнување на учеството на граѓаните и бизнисите во Берлинскиот процес и Реформската агенда на Северна Македонија“, финансиран од Фондација Отворено општество – Западен Балкан. Изнесените ставови и мислења се само на авторот(ите) и не ги одразуваат нужно ставовите на Фондацијата Отворено општество – Западен Балкан.

# Осмомартовски марш за женските права во Скопје




Стотици граѓани маршираа низ центарот на Скопје по повод Меѓународниот ден на жената. На 8 март, во 12:00 часот, од паркот „Жена Борец“ во центарот на Скопје започна традиционалниот Осмомартовски марш, организиран од граѓанската иницијатива „Кој е следен“ и повеќе здруженија. Годинава маршот се одржа под мотото „За да нема следна. Нема да не снема“, слоган кој во себе носи и болка и решителност.

Маршот започна со едноминутен молк во чест на жените жртви. Годинава се одржа во пресрет на првата годишнина од трагедијата во Кочани, но и само неколку дена по уште една трагедија која ја потресе јавноста. Во период кога семејното насилство зачестува и кога речиси секојдневно се бележат трагични случаи во кои жените се жртви.

Претходно, во својот повик за маршот, иницијативата „Кој е следен“ порача:

„Доста трпиме, да му ставиме крај на малтретирањето и убивањето на народот, а особено на жените. Да излеземе СИТЕ заедно на маршот за 8 Март, рамо до рамо со нашите сестри, мајки, ќерки, девојки, другарки, со жените што ги познаваме и што не ги познаваме. Заедно да се избориме за праведен, хуман и грижлив свет и да го срушиме овој систем на алчност и насилство.“

Скопје маршираше. Стотици жени и мажи го изразија својот револт за местото во коешто се наоѓа жената во модерното општество. Учесниците маршираа во чест на сите паднати и храбри жени кои си го посветиле животот на оваа борба, за сите жени кои изминатава година не дочекаа правда, за сите оние кои требаше да бидат спасени и за сите кои не можат или не им е дозволено да излезат на марш.

На маршот говореше и Калиа Димитрова, основачка и главна уредничка на Медуза, која упати три директни пораки до институциите, до мажите и до жените.

На институциите и премиерот им порача дека насилството не е случајна девијација, туку системски производ на образованието, културата и јавниот дискурс. „Денес, Македонија е една језива, агресивна, исфрустрирана средина која активно, свесно и системски создава култура на насилство и е на поход да ги убие своите жени“, рече Димитрова, предупредувајќи дека без итни промени во образованието и политичката култура, институциите директно ќе сносат одговорност.

На мажите им порача дека рамнодушноста исто така е став. „Кога ви кажуваме дека не се чувствуваме безбедно, а вашиот прв одговор е дека не сите мажи се насилни, практично ни кажувате дека сте индиферентни кон нашите животи“, истакна таа, повикувајќи ги наместо симболични гестови едноставно да разговараат меѓу себе.

До жените апелираше да ги одржуваат живи пријателствата и врските со блиските, бидејќи „женските врски и пријателства спасуваат животи“. Посебно ги повика жените политичарки и пратенички да го направат ова прашање итен политички приоритет.

Со транспаренти и моќни пораки, посетителите побараа правда за многуте жртви и надеж за подобро утре. Со маршот на 8 март, организаторите повикуваат граѓаните да се приклучат и заедно да испратат порака дека жените ќе продолжат да се борат за еднаквост, безбедност и достоинство.

Во чест на сите жени кои се бореле за женските права и достоинство, во чест на сите жени кои уште се борат, маршот заврши на местото каде што се наоѓаше бистата на Вера Јоциќ, (сега украдена) во знак на протест против бришењето на жената од историјата и општеството.

# Експерти подготвуваат прв Национален водич за заштита на репродуктивното здравје

Во Република Северна Македонија се раѓаат сѐ помалку деца, а сѐ повеќе луѓе се соочуваат со проблеми со инфертилитет. Со стапка на фертилитет од околу 1,5 деца по жена, што е значително под нивото од 2,1 потребно за природна обнова на населението, земјата се соочува со сериозни демографски предизвици.

И покрај тоа, превенцијата на инфертилитетот и понатаму ретко се отвора навреме.

Ова е причината за започнување процес за изработка на прв Национален водич за зачувување на фертилитетот кај жените и мажите, кој има за цел да го помести фокусот од третман кон превенција и навремена заштита на репродуктивното здравје.

Иницијативата ја спроведуваат ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување и МАГО – Македонската асоцијација на гинеколози и опстетричари, преку формирање мултидисциплинарна експертска група.

Во групата се вклучени 10 експерти од различни области, меѓу кои гинеколози-акушери од Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, психијатар од Универзитетската клиника за психијатрија, матичен гинеколог, специјалист по семејна медицина, уролог, нутриционист, како и претставници од Министерството за здравство.

Целта на мултидисциплинарниот пристап е ризичните фактори за инфертилитетот да се разгледуваат од повеќе аспекти, со што ќе се обезбедат јасни насоки за здравствените работници и за граѓаните. Водичот треба да придонесе кон подобра здравствена едукација и информираност за факторите што влијаат врз репродуктивното здравје и неговото зачувување.

Меѓу очекуваните резултати се раното препознавање на ризиците, зајакнување на улогата на примарното здравство, подобра информираност на младите преку сеопфатно сексуално образование и поголема достапност на препораки за општата популација и здравствените работници.

Со оваа иницијатива се воспоставува системски пристап кон заштитата на фертилитетот, со акцент на превенција, информираност и рано делување, наместо исклучиво лекување на веќе настанати проблеми.

Од ХЕРА и МАГО посочуваат дека ваквиот пристап отвора нов правец во јавното здравје, во кој фертилитетот се третира како ресурс што се штити навреме преку континуирана грижа и едукација.




# Одбележување на Денот на невладините организации преку обуки, дебати и младински активности

По повод Меѓународниот ден на невладините организации, на 27 февруари, Граѓанскиот ресурсен центар организираше четири паралелни настани во различни градови низ државата, обединувајќи граѓански организации, млади, активисти и претставници на локалната власт околу заедничката цел – јакнење на граѓанското општество и неговата улога во поттикнување општествени промени.

Во Скопје се одржа обука на тема „Развивање проектни идеи по пристапот на логичка рамка“, насочена кон јакнење на капацитетите на граѓанските организации за креирање одржливи и добро структурирани проектни идеи. Учесниците работеа на анализа на проблеми и цели, избор на стратегии, како и на развој на логичка рамка, поврзувајќи ги проектните идеи со пошироки општествени промени. Преку практична работа и дискусии, тие ги разгледаа и ризиците и претпоставките во имплементацијата. Дел од учесниците ја истакнаа вредноста на стекнатите знаења и можностите за нивна практична примена, како и значењето на вмрежувањето со други организации.

Во Штип, под мотото „Вклучи се, направи промена!“, се одржа информативен ден, на кој учествуваа околу 60 деца и млади. Преку интерактивни сесии, тие се запознаа со улогата на граѓанските организации, можностите за волонтирање и активизам, како и со процесот на покренување иницијативи. Преку симулација на работа на организација, младите предлагаа решенија за конкретни предизвици во заедницата, отворајќи дискусии за теми како образованието, безбедноста и влијанието на современите технологии.

Во Гостивар се одржа јавна дебата за улогата на граѓанските организации во развојот на заедницата, на која




учествуваа долгогодишни активисти од регионот. Дискусијата опфати осврт на развојот на граѓанскиот сектор, постигнатите резултати и актуелните предизвици. Присутните нагласија дека е потребна поголема поддршка за граѓанските организации, особено на локално ниво, и предложија иницијативи за унапредување на соработката, вклучително и меѓусекторски платформи, финансиска поддршка и локални коалиции за застапување.

Активностите продолжија и во Демир Хисар, каде беше реализирана посета на Мобилниот ресурсен центар. На средбата учествуваа претставници на локални граѓански организации, општинската администрација, како и млади активисти и волонтери. Тие беа информирани за можностите за финансирање, менторска поддршка и услугите што ги нуди проектот „ЕУ поддршка за Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2", при што беше потенцирана важноста од соработка и заедничко делување на локално ниво. Со овие активности, Граѓанскиот ресурсен центар ја потврди својата улога во јакнењето на капацитетите, вмрежувањето и поддршката на граѓанските организации и младите. Учесниците ја истакнаа важноста од силно и активно граѓанско општество кое ги препознава потребите на заедницата и придонесува кон подобрување на квалитетот на живот.

Проектот „ЕУ поддршка за Граѓанскиот ресурсен центар – фаза 2" е финансиран од Европската Унија, а го спроведуваат Фондацијата Граѓански ресурсен центар, Македонскиот центар за меѓународна соработка, Асоцијацијата за демократски иницијативи – Гостивар и Медиа Плус – Штип.

## Во Кичево одбележан Светскиот ден на извидниците

Со свечен завет на најмладите членови и силна порака за хуманост и заедништво, во Кичево беше одбележан Светскиот ден на извидниците, кој традиционално се слави на 22 февруари во чест на основачот на извидничкото движење Роберт Баден-Пауел.

Околу 400 извидници од повеќе одреди од земјата учествуваа во манифестацијата. Централниот настан започна на градскиот плоштад во Кичево, каде најмладите членови свечено го дадоа својот извиднички завет и официјално се приклучија кон организацијата.

Од Извидничкиот одред „Мирко Милески" од Кичево, кој беше домаќин на настанот, посочуваат дека овој момент има посебна симболика за новите генерации извидници.

„Нашиот одред беше домаќин на настанот на кој дадоа завет најмалите членови од повеќе одреди и станаа официјално извидници. Во склоп на настанот се одржа и крводарителска акција со помош на Црвениот крст, на која беа собрани повеќе од 20 единици крв. Заедно создаваме подобар свет", стои во нивната објава.

По свечениот дел, програмата продолжи на Китино Кале со активности на отворено, прилагодени за различни возрасни групи, во духот на извидничкото мото „Биди подготвен" и принципот „Направи добро дело".

Извидниците го посетија и Музејот на НОБ во Кичево, каде се запознаа со локалната историја и настаните што го обележале регионот.

Настанот ја потврди улогата на извидничкото движење како простор за младинско учење, хуманост и активно учество во заедницата.



# Млади и искусни новинари заедно ќе работат на локални приказни

Активирање на младите, кои заедно со искусни новинари ќе работат на стории за локалните проблеми и предизвици, беше една од темите на редакцискиот состанок на новинарите и активистите од „Локал Актив Исток“, заедно со претставници на Институтот РЕСИС и Советот за етика во медиумите во Македонија (СЕММ).

Соработката цели кон тоа да внесе нова енергија во локалното новинарство, преку паралелно вклучување на младинскиот потенцијал и досегашното искуство на новинарите и активистите.

Проектниот координатор Игор Мицевски најави дека во рамки на проектот „Медиуми на заедницата за посилно граѓанско општество“, кој го спроведуваат Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС и Советот за етика во медиумите во Македонија – СЕММ, со поддршка од Владата на Швајцарија преку програмата „Цивика мобилитас“, ќе се отворат нови можности за производство на содржини и вклучување на млади новинари.

Тој нагласи дека преку проектот ќе се стави посебен фокус на вклучување млади луѓе во редакциите на „Локал Актив“, што ќе придонесе и за развој на нивните новинарски вештини и за унапредување на локалното новинарство во целина. „Одржливоста на медиумите на заедницата и конкретно на иницијативата ‘Локал Актив’ не зависи единствено од висината и диверзификацијата на фондовите за производство на содржини и застапување. Од клучна важност е развојот на човечкиот капитал – особено на младите луѓе кои сакаат и можат да се вклучат во новинарски истражувања, а кои природно користат нови алатки за да стигнат до својата публика и да создаваат нова публика“, рече Мицевски.



Новинарите и активистите споделија ставови дека спојот на младоста и искуството може да придонесе за понатамошен развој на медиумите на заедницата, како и зголема видливост на проблемите со кои се соочуваат граѓаните. На состанокот беше дискутирано и за ефектите од досегашните објавени приказни на „Локал Актив Исток“, при што беа предложени и нови идеи за стории на кои ќе се работи во следниот период.

# Младите учат како да ги заштитат личните податоци во дигиталниот свет

По повод Денот на заштита на личните податоци, на 28 јануари, ИМПЕТУС – Центарот за интернет, развој и добро владеење, во соработка со Агенцијата за заштита на личните податоци и гимназијата „Никола Карев“ во Скопје, организираа настан во просториите на училиштето. На настанот беше промовиран видео материјал, подготвен од учениците со намера да се зголеми свеста кај младите за важноста на приватноста и заштита на личните податоци во секојдневниот живот, воедно и пример како тие можат активно да придонесат во промовирање одговорност и онлајн безбедност.

Во соработка со Бирото за развој на образованието, со учениците беа дискутирани клучни теми, меѓу кои: правото на приватност, безбедноста на интернетот, правилното користење на социјалните мрежи и правата и обврските при споделување на личните податоци.

Се разговараше како, благодарение на паметните телефони, купувањата со картички во продавниците, споделувањето биометриски податоци со апликации за здравје и фитнес, па дури и објавувањето на социјалните медиуми, сè повеќе информации за нашите животи можат да се најдат на интернет. Иако оваа меѓусебна поврзаност ги проширува можностите, таа исто така нè изложува на значителни ризици, како што се кршење на безбедноста на податоците, кражба на идентитет и надзор.

Учениците беа поттикнати критички да размислуваат за тоа кои податоци ги споделуваат, со кого, за која цел, и како можат да го контролираат и управуваат нивното користење.

Денот на заштита на личните податоци се одбележува секоја година во чест на Конвенција 108 на Советот на Европа, усвоена во Стразбур во 1981 година како прв правно обврзувачки меѓународен договор за заштита на личните податоци. Конвенцијата ги постави темелите на современите рамки за заштита на податоците, вклучително и Општа регулатива за заштита на податоци.

„Нека овој ден биде потсетник дека заштитата на приватноста е заедничка одговорност на институциите, образовниот систем, граѓаните, а особено на младите генерации“, порачуваат од ИМПЕТУС. Настанот беше организиран во рамки на проектот МКСејфНет (MKSafeNet).

# Локалната заедница и институциите во Преспа заедно бараат решенија за управување со отпадот

Вклучувањето на локалната заедница е клучно за креирање одржливи решенија за управување со отпадот, беше истакнато на работилниците што во март се одржаа во Преспа, каде жители од Ресен и околните села заеднички дискутираа и предлагаа идеи за почиста средина.

На двете работилници со локалното население и земјоделците учествуваа околу четириесет жители од селата Болно, Царев Двор, Дрмени, Шурленци, Перово (долно и горно), како и од Ресен. На средбите тие разговараа со директорот на ЈКП „Пролетер", Марчел Консентино Русу, за тековните предизвици во управувањето со отпадот и можните заеднички чекори за подобрување на состојбата.

За време на дискусиите беше изработен и акциски план за спроведување на веќе усвоените препораки и барања од жителите. Меѓу нив се обезбедување втори канти за селекција на отпад во селата (за пластика, хартија и лименки), поставување пунктови за собирање текстилен отпад, како и воспоставување модел за собирање и управување со отпад од пестициди, кој ќе се развива во соработка со земјоделските аптеки.

Дискусиите се одржуваат во рамки на кампањата „Преспа? Разбуди се за чиста средина", која ја спроведува Институтот за комуникациски студии (ИКС) во соработка со Еко Герила Преспа и Македонско еколошко друштво, со поддршка од Европската Унија преку програмата „ЕУ за Преспа".




# Ромалитико и Комората за приватно обезбедување со договор за обука и лиценцирање на 56 Роми

Елвис Шаќири, директорот на Институтот за истражување и анализи на политики – Ромалитико потпиша договор за соработка со Верица Милеска Стефановска, претседателка на Комората за приватно обезбедување на Република Северна Македонија. Со договорот се предвидува реализација на обука за 56 Роми за стекнување квалификација за физичко обезбедување. Програмата опфаќа теоретска и практична настава, по што учесниците ќе полагаат теоретски и практичен испит. По успешно завршување на обуката и положени испити, учесниците ќе бидат лиценцирани согласно релевантните процедури и стандарди за работа во секторот за приватно обезбедување.

Ромалитико веќе потпиша и Меморандуми за соработка со агенции за приватно обезбедување, со што се обезбедува поврзување меѓу обуката и пазарот на труд. Овие партнерства овозможуваат учесниците, по добивањето на лиценцата, да имаат обезбедени можности за вработување во приватни компании од секторот.

Организацијата останува посветена на креирање конкретни можности за економско зајакнување и подобар пристап до достоинствено вработување за Ромската заедница, преку практични мерки, професионални обуки и партнерства со релевантни институции и приватниот сектор.

Оваа активност се спроведена како дел од интервенцијата „Пристап до пазарот на труд преку зајакнување на вештините и поврзување со работа", финансиски поддржана од Шведска преку We Effect, Скопје.



# Градење на инклузивни и отпорни заедници преку јакнење на локалните и институционалните капацитети



Преку проектот „Градење на инклузивни и отпорни заедници“, Македонското здружение на млади правници (МЗМП) реализираше серија работилници насочени кон превенција на насилен екстремизам, јакнење на мултидисциплинарната соработка и унапредување на постпеналниот третман и реинтеграција на осудени лица.

Активностите беа наменети за претставници на локалните самоуправи, стручни служби од областа на социјална, здравствена и детска заштита, образованието, како и за мултидисциплинарни тимови и претставници од казнено-поправните установи и локалните заедници.

Во општините Шуто Оризари, Велес и Центар беа одржани работилници фокусирани на улогата на локалните институции во превенцијата и одговорот на насилен екстремизам. Преку дискусии беа опфатени националната рамка и релевантните политики, препознавањето на рани знаци на радикализација, како и механизмите за координација, следење и пријавување на ризични појави.

Посебен акцент беше ставен на зајакнување на соработката меѓу институциите и заедницата, со цел поефикасна и навремена реакција на локално ниво и поголема отпорност на заедниците.

Во Велес се одржа и дводневна работилница со мултидисциплинарни тимови од КПУ Идризово, КПУ Куманово, како и од Скопје, Гостивар и Куманово. Учесниците работеа на развој на алатки за работа со лица со ризик од радикализација, подготовка на програми пред-отпуст, изработка на стандардни оперативни процедури за постпенална поддршка и размена на искуства преку студии на случај.

Работилницата беше насочена кон унапредување на координацијата меѓу казнено-поправните установи и локалните тимови, со цел поефективна реинтеграција и намалување на ризикот од повторна радикализација, особено кај ранливи и маргинализирани групи.

Проектот се спроведува со поддршка на Глобалниот фонд за ангажираност и отпорност на заедницата (ГЦЕРФ) и има за цел да придонесе кон системски и координиран пристап во справувањето со ризиците од насилен екстремизам, преку јакнење на институционалните капацитети и активна улога на заедницата.

# Поголема инклузија и поддршка за лицата со Даунов синдром

Во Северна Македонија не постои официјален национален регистар кој точно го утврдува бројот на лица со Даунов синдром, поради што нема единствена прецизна бројка на државно ниво. Според светските статистики, Дауновиот синдром се јавува кај приближно едно од 650 до 700 новороденчиња, додека проценките на здруженијата и здравствените институции укажуваат дека во земјава живеат околу 800 до 1.000 лица со Даунов синдром.

Тие се една од најмалите, но и најранливи групи лица со попреченост, за кои државата постепено гради систем на инклузија, иако во пракса сè уште постојат предизвици во образованието, социјалната заштита и нивната целосна општествена вклученост.

По повод 21 март – Меѓународниот ден на лицата со Даунов синдром, Здружението за рехабилитација и инклузија на лица со Даунов синдром – Дневен центар „Доза Среќа“ Скопје упати порака за почитување на човековото достоинство, еднаквост и унапредување на инклузијата. Од здружението нагласуваат дека лицата со Даунов синдром се нераскинлив дел од општеството и треба да имаат еднаков пристап до образование, здравствена и социјална заштита, културен и спортски живот, како и можности за вработување и активно учество во заедницата.

„Како организација која секојдневно работи со деца, млади и лица со попреченост, како и со нивните семејства, остануваме цврсто определени во нашата мисија да создаваме простор за развој, поддршка, прифаќање и вистинска вклученост“, посочуваат од Дневниот центар „Доза Среќа“.

Оттаму додаваат дека инклузијата не смее да остане само декларативна определба, туку мора да се претвори во реална практика што ќе се препознава во институциите, училиштата, работната средина и секојдневниот живот. Воедно, повикуваат на отстранување на бариерите и предрасудите, поголема општествена видливост и системска поддршка за лицата со попреченост и нивните семејства.

Во пресрет на одбележувањето, претставници на ова здружение имаа средба со претседателката на држава-



та Гордана Сиљановска Давкова. Во објавата по средбата беше посочено: „Во поддршката на родителите и згрижувачките семејства, за мене е важно да им овозможиме на лицата со Даунов синдром, адекватно развивање на животните вештини и способности и активно учество во сите сегменти на општествениот живот, како рамноправни граѓани“.

Од Дневниот центар порачуваат дека општеството треба да се движи кон суштинска еднаквост и прифаќање, нагласувајќи ја пораката „различни по нешто, еднакви по вредност“ како повик за поинклузивна и похумана заедница.

## Осум децении новинарство во служба на јавниот интерес



Со доделување на годишните новинарски награди, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) го одбележа својот 80-годишен јубилеј, осум децении посветени на заштита на новинарската професија, слободата на изразување и јавниот интерес.

За изборот на наградените одлучуваше комисија во состав од новинарите Милка Смилевска, Семра Мусаи и Марјан Николовски, кои ги вреднуваа трудовите според критериуми како професионалност, јавен интерес и влијание.

Наградата за животно дело му беше доделена на новинарот Ристо Тасев, а фоторепортерот Роберт Атанасовски беше награден за придонесот во визуелното документирање на современата историја. Наградата за истражувачко новинарство „Јашар Еребара“ ја добија три редакции и автори за истражувања поврзани со пожарот во Кочани и последиците од трагедијата, и тоа: ИРЛ, КОД – ТВ Телма и новинарката Ирена Мулачка од „Фокус“. Признанието за локално и регионално известување му беше доделено на Ардит Рамадани од Порталб, додека Владо Апостолов од БИРН доби признание за придонес во истражувачкото новинарство, за проектите „Систем вон систем: државата слепа за парите на МПЦ-ОА и ИВЗ“ и „Верски имоти“. Признание доби и Анета Блажевска од „Независен.мк“.

За добитниците наградите се поттик за понатамошна работа во интерес на јавноста. Во своето обраќање, претседателот на ЗНМ, Младен Чадиковски, се осврна на развојот на македонското новинарство и предизвиците со кои се соочува денес. Според него, од државните медиумски почетоци до современото дигитално опкружување, новинарството постојано се менува, но останува под притисоци.

„Од првите броеви на „Нова Македонија“ и „Вечер“, преку Македонското радио како значаен медиум на една епоха, до Македонската телевизија, новинарството се развиваше заедно со државата, со сите нејзини премрежија, слабости и надежи“, посочи Чадиковски.

Тој додаде дека денешните предизвици се поинакви и не секогаш видливи, од економска зависност и медиуми што едвај опстојуваат, преку СЛАПП тужби и алгоритми што ја наградуваат сензацијата, до сајбер напади, онлајн етикетирања, нав реди и закани.

„Битката денес не е помалку тешка, само е поинаква“, порача Чадиковски, нагласувајќи дека ЗНМ ќе продолжи да ги брани професионалните стандарди, да стои зад новинарите и да го штити јавниот интерес.

На свечениот настан беше поставена и изложба на фотографии од сниматели и фоторепортери, кои сведочат за нивниот професионализам, храброст и посветеност, како дел од нивниот придонес во документирањето на општествените настани.

ЗНМ упати честитки до сите добитници и изрази благодарност до новинарите и редакциите кои, како што посочуваат, придонесуваат за унапредување на професионалните стандарди и транспарентноста во јавноста.



# ВЕСТИ
# ОД ЦИВИКА МОБИЛИТАС

# Дали Македонија конечно ќе знае каде ѝ се стипендистите?



Македонија секоја година губи потенцијал на млади луѓе колку еден цел мал град. Само во Словенија, во последните неколку години, заминуваат просечно по околу 1000 македонски студенти. Додека најдобрите умови од нашите средни училишта ги освојуваат амфитеатрите во Виена, Берлин, Љубљана или Амстердам, државата со години се соочуваше со институционален јаз: немаше прецизен одговор на прашањето колку точно стипендисти имаме во странство, каде се тие и што работат откако ќе дипломираат?

Оваа административна „црна дупка“ со децении значеше изгубен контакт со дел од највредниот капитал што го имаме – човечкиот. Државата инвестираше милиони евра во стипендии (покривајќи и до 40.000 долари само за школарина), но без систем за следење, тие пари често се претвораа во еднонасочен билет за иселување. Студентите се чувствуваа невидливи за сопствениот систем, а домашната економија остануваше гладна за експертиза која самата ја платила.

Токму оваа „болна точка“ беше мотивот за почетокот на проектот „**Застапување за инклузивен развој**“, кој со поддршка на Владата на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас, започна суштински да ја менува реалноста. Проектот го спроведуваат три партнерски организации: Форумот за разумни политики (ФРП), Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје (ИОХН) и Балканскиот институт за регионална соработка (БИРС).

**Прочитајте ја целата сторија**.

# Тематски форум за користење на податоците за вистинските сопственици во борбата против корупцијата




Само за два месеца, 3.000 фирми што добиле тендери ги обелоделениле своите вистински сопственици на електронскиот систем за јавни набавки.

Повеќе од 30 претставници на клучни јавни институции, граѓански организации, медиуми и меѓународни организации денеска дискутираа за можностите и начините на користење на податоците од Регистарот за вистински сопственици на правните субјекти како алатка за борба против корупцијата.

Швајцарскиот амбасадор во земјава, Н.Е. Кристоф Сомер истакна примери за откривање и враќање на значајни средства стекнати преку нелегално финансирање, токму преку меѓународна размена на податоци за вистински сопственици.

Тој ја истакна и посебната улога на граѓанските организации и истражувачките новинари во откривање на корупцијата и важноста во таа смисла да имаат навремени и доволни податоци за вистинските сопственици. Амбасадорот Сомер, исто така, говореше и за важноста на податоците за вистински сопственици за поддршка на фер и отворен пазар.

Според заменик-претседателот на Владата за добро владеење, Арбен Фетаи, транспарентноста на податоците за вистинските сопственици не е само регулаторен услов, туку камен-темелник на етичкото управување и фер конкуренцијата. Тој ги повика сите засегнати страни да соработуваат за подобрување на квалитетот на податоците, интероперабилноста меѓу институциите како што се Централниот регистар, Управата за финансиско разузнавање, Бирото за јавни набавки и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), како и за зајакнување на процесите на верификација за да се обезбеди точност и сигурност на овие податоци.

**Прочитајте ја целата вест**.

# Светски ден за борба против ракот: само 10 отсто од жените опфатени со скрининг за рак на грлото на матката

Иако ракот на грлото на матката е едно од ретките малигни заболувања што речиси целосно може да се превенира, во Северна Македонија секоја година заболуваат околу 200 жени, а помеѓу 40 и 60 жени го губат животот од оваа болест. Алармантен е податокот дека во 2024 година со организираниот скрининг биле опфатени само околу 10 % од целната група жени, далеку под минимално потребниот праг за ефикасна превенција.

По повод 4 Февруари – Светскиот ден за борба против ракот, кој годинава се одбележува под мотото „Обединети во нашата уникатност", ја истакнуваме потребата здравствениот систем да ги стави луѓето и нивните реални потреби во центарот на здравствената заштита, со посебен фокус на жените и ранливите групи.

Анализите и искуствата од терен покажуваат дека превентивната здравствена заштита не е приоритет во здравствените политики. Буџетот за превентивни програми со години стагнира и не го следи растот на трошоците и инфлацијата – во 2025 година изнесуваше 672,5 милиони денари, а за 2026 година се планирани 677 милиони денари. Истовремено, за скрининг на малигни заболувања се издвојуваат само 23 милиони денари годишно, сума што останува непроменета со години и треба да опфати четири различни малигни заболувања.

Особено загрижува состојбата со скринингот за рак на грлото на матката. Програмата, воведена уште во 2012 година, располага со само 11 милиони денари годишно, што не овозможува соодветен опфат и квалитет. Недостигот од гинеколози во околу 40 општини, ограниченото функционирање на мобилната гинеколошка амбуланта и административните бариери дополнително го отежнуваат пристапот на жените до навремена превенција.

Додека повеќе земји од Европската Унија се приближуваат кон елиминација на ракот на грлото на матката како јавно-здравствен проблем, кај нас ова заболување и понатаму одзема животи кои можат да се спасат. Ефикасен и соодветно финансиран скрининг, заедно со висок опфат со ХПВ вакцинација кај девојчињата и момчињата, се клучни мерки за спречување на овие поразителни статистики.

Затоа, ја повикуваме Владата и Министерството за здравство итно да ја зголемат финансиската поддршка за скринингот на рак на грлото на матката на најмалку 35 милиони денари годишно, да обезбедат подобра достапност до гинеколошки услуги, да ја зајакнат ХПВ вакцинацијата и да инвестираат во континуирани и сеопфатни здравствени едукативни кампањи.

Превенцијата спасува животи. Вложувањето во рана детекција не е трошок, туку инвестиција – и во здравјето на жените и ранливите групи, и во одржливоста на целиот здравствен систем.

Работата на полето на унапредување на скринингот на ракот на грлото на матката е спроведено во рамки на проектот „Унапредени здравствени права на девојките, жените и ранливите групи". Проектот го спроведуваат партнерските организации ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ и Здружение Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари, со поддршка од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас. Линк до **публикацијата со наодите** на граѓанските организации.






# Граѓанските организации дискутираа за како подобро да ги промовираат своите постигнувања

Комуникациите и видливоста на Цивика мобилитас и на граѓанските организации беа тема на работилницата што се одржа на 11 февруари 2026 година во просториите на Граѓанскиот ресурсен центар.

Вкупно 21 претставник од 20 граѓански организации, актуелни добитници на партнерски грантови (ЦМ-ПГ-2), дискутираа за комуникациските предизвици и како полесно да ги следат правилата за успешно известување за своите постигнувања.

Работилницата ја отвори Дарко Димов, координатор на програмата, кој ги потсети грантистите на договорните обврски, нагласувајќи ги комуникациите и видливоста како важен сегмент за нив и за нивната работа. Официјална честитка на новите добитници на грантови и прво запознавање со нив имаше и Кристина Колозова, национален соработник на проекти во Швајцарската амбасада. Таа се осврна на досегашниот придонес на Цивика мобилитас за граѓанското општество истакнувајќи дека оваа група е последната генерација грантисти на Цивика мобилитас.

За главниот и најважен дел од работилницата се погрижи тимот за информации и комуникации на Цивика мобилитас – Гонце Јаковлеска, Борис Ристовски и Каролина Ѓурковска.

Грантистите се запознаа со правилата и насоките за редоследот на поставеност на логоата, употребата на хаштаговите и спомнувањата (mentions) на профилите на Цивика мобилитас и швајцарската амбасада, според кои ќе се водат при известувањето за спроведените проектни активности и настани. Социјалните медиум како што се **ФБ профилот** и **ФБ групата на Цивика мобилитас**, исто така беа спомнати како можност за достигнување поголема видливост и уште поголема публика.

Тимот ги презентираше ресурсите кои им се на располагање на грантистите, меѓу кои **Е-платформата на Цивика мобилитас** која нуди многу опции за поддршка на комуникациските напори на грантистите. Предавачите ги поттикна учесниците на активна употреба на сите опции што ги нуди платформата, како вести за граѓански организации, **адресарот на граѓански организации**, магазинот „**Граѓаните за промена**“ и слично.

Учесниците се согласија дека едно од најважните прилагодувања што треба да се направи е ставање фокус на известувањето за постигнувањата, наспроти информациите за активностите. Најважно е да научиме како да известуваме за промените што граѓанските организации секојдневно ги создаваат во општеството преку граѓанскиот ангажман.

Цивика мобилитас ќе продолжи да ги поддржува грантистите во олеснување на процесот на комуницирање и промовирање на постигнувањата на најдобар и најсоодветен начин за да стигнат до целните групи.

**Прочитајте ја целата вест**.

# Јавниот интерес пред скриената сопственост




Во светот долго време се знаеше за постоењето на т.н. „шел“ или празни компании кои без познат сопственик и без вработени си префрлаа меѓу себе огромни суми пари за фиктивни услуги, за да се затскрие трагата на овие пари кои најчесто потекнуваа од црни и неоданочени бизниси.

Но по откритијата од „Панамските“, „Рајските“ и „Пандорините“ документи, кои открија дека стотици луѓе на јавни позиции ја злоупотребуваат својата положба во корист на компании што тие или нивни блиски лица тајно ги поседуваат и ги контролираат, стана јасно дека мора да се знае кој навистина стои зад компаниите.

Тоа беше пресудниот момент кога светот се договори дека треба да се знае не само кој е пријавен како директор или сопственик на компаниите, туку кој всушност стои зад нив, кој ги контролира и има корист од компаниите. Така се дојде до вистинските сопственици.

Многу земји формираа регистри на вистински сопственици на компаниите – односно на лицата кои, во крајна линија, ја поседуваат или ја контролираат компанијата или нејзиниот имот и средства, или кои имаат материјална корист од имотот/средствата на таа компанија.

Но, не се застана тука. Освен првичната идеја – да се спречи затскривањето на сопственоста во фирмите, остварувањето нелегални профити и финансирањето тероризам – обелоденувањето на вистинските сопственици во фирмите прерасна во алатка за спречување и на даночно затајување, злоупотреби во доделувањето јавни набавки, концесии и други јавни средства, во финансирањето политички партии и кампањи и сл.

**Прочитајте ја целата сторија**.

# Социјалната правда не се слави, таа се создава!




Денот на социјалната правда не е датум што треба само формално да се одбележи. Тој треба да не потсети дека правдата не е апстрактен поим, туку конкретна реалност што директно влијае врз животот на луѓето: врз нивната плата, сигурност, достоинство и иднина.

За нас од „Гласен текстилец", социјалната правда не е декларација, туку секојдневна борба. Таа е во телефонските повици од работнички кои останале без работа преку ноќ. Таа е во неисплатените плати за стотици работници кога работодавачот ќе одлучи да ја затвори фирмата и замине од државата. Таа е во договорите на определено време што се продолжуваат со години без сигурност. Таа е во стравот на луѓето да пријават неправда затоа што се плашат дека ќе останат без егзистенција.

Во општество како нашето, каде економската несигурност е висока, а институционалната заштита често бавна и не загарантирана, социјалната правда станува прашање на опстанок. Работничките права не се луксуз. Тие се основа за достоинствен живот.

Во изминатите години, „Гласен текстилец" работи директно со работници, најчесто жени, кои се соочуваат со несигурни форми на вработување, злоупотреба на договори на определено време, непродолжен договор поради бременост или боледување за болно дете, неисплатени неколку плати или мобинг.

Преку бесплатна правна помош, советување и јавна застапеност, се обидуваме да ја вратиме рамнотежата таму каде што таа е нарушена. Но секој поединечен случај е само симптом на поширок проблем, систем што премногу лесно дозволува ранливите категории да останат без заштита и правда.Социјалната правда значи систем што функционира. Значи институции што не реагираат само по притисок, туку по закон и совест. Значи политики што ги земаат предвид реалните потреби на граѓаните, а не само статистиката.

**Прочитајте ја целата вест.**

# Швајцарскиот амбасадор Зомер во посета на семејствата од Кочани и граѓанските иницијативи



Повеќе од десет родители и членови на семејствата погодени од трагедијата во дискотеката во Кочани се сретнаа со швајцарскиот амбасадор во земјава, Н.Е. Кристоф Зомер. На средбата со нивното здружение – Здружение на граѓани „16-ти Март 2025" учествуваа ипретставници од Амбасадата на Швајцарија и тимот на Цивика мобилитас.

Истиот ден, 23 февруари 2026 година, Амбасадорот се сретна и со „Супорт Кочани" (Support Kocani), актуелен грантист на Цивика мобилитас.

Разговорите беа отворени и искрени, со фокус на моменталната состојба, предизвиците и потребите на засегнатите семејства и граѓанските иницијативи.

Родителите ја претставија нивната досегашната работа, ги споделија предизвиците со кои се соочуваат, како и конкретните барања и потребата за правда.

Во разговорот стана збор и за несреќата што се случи на новогодишна забава во бар во Кранс-Монтана во Швајцарија и за поврзување на двете трагедии. Родителите истакнаа дека, иако сè уште немаат воспоставено директен контакт со семејствата од Швајцарија, болката што ја носат создава силна, човечка поврзаност со сите кои поминале низ слична загуба. Тие предложија воспоставување контакт преку групи на социјални мрежи, а изразија и подготвеност на пролет да ги посетат родителите во Швајцарија, со цел да ја споделат поддршката и солидарноста.

**Прочитајте ја целата вест.**

# Средба со раководителката на секторот за Источна Европа на СДЦ



Тимот на Цивика мобилитас на 5 март се сретна со Северин Доне-Декарт (Séverine Donnet-Descartes), раководителката на секторот за Источна Европа во Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ).

Таа се интересираше за предизвиците во граѓанското општество, како и за можностите што програмата ги нуди за граѓанските организации во земјата.

Александар Кржаловски, лидерот на тимот на програмата и директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), зборуваше за развојот на Цивика мобилитас, најголемата програма за поддршка на граѓанското општество во земјата, поддржана од Владата на Швајцарија во последните речиси две децении.

Осврнувајќи се на контекстот и средината во која функционираат граѓанските организации, Кржаловски ги презентираше податоците од Индексот на граѓанското општество (Civil Society Index), кој е дел од глобалната методологија на ЦИВИКУС (CIVICUS – World Alliance for Citizen Participation), што МЦМС го спроведува од 2006 година. Исто така, за гостинката од Швајцарија беа интересни и податоците од мерењето на довербата во граѓанското општество, како индикатор за перцепцијата за улогата и влијанието на граѓанскиот сектор и организациите во општеството. Една од главните теми на дискусијата беше државното финансирање на граѓанските организации, не само како прашање на финансиска поддршка, туку и како потреба од воспоставување транспарентен систем што ќе овозможи градење доверба меѓу организациите и институциите на централно и локално ниво. Во тој контекст беше разговарано и за тоа колку од државниот буџет е наменет за граѓанското општество, а колкав е процентот на тие средства од вкупните приходи на ГО. Една од темите за дискусија беше и процесот на капитализација, кој треба да ги опфати резултатите постигнати во речиси 20-годишното спроведување на програмата. Преку овој процес ќе се направи поширока анализа на постигнувањата, земајќи го предвид контекстот во кој се реализирале активностите и нивната поврзаност со клучните општествени случувања во земјата.

**Прочитајте ја целата вест.**

# Само ни треба шанса!

„Секој втор мој пријател веќе е во Германија. Јас уште се двоумам, сакам да останам, но не гледам перспектива", вели Арбен, 24-годишен програмер од Тетово. Неговата приказна ја отсликува реалноста на илјадници млади од Полошкиот регион кои секојдневно размислуваат за емиграција. Зад статистиката стојат човечки приказни, надежи, разочарувања и семејства кои ги испраќаат своите деца во странство.

Според истражувањето „Состојбата и причините за миграцијата на младите од Полошкиот регион", спроведено во ноември 2024 година врз над 500 испитаници, половина од младите во Полог (50,4%) сметаат дека заминувањето најчесто се случува веднаш по завршувањето на средното образование.

Главните мотиви се јасни - Подобар животен стандард (80%) и Подобри можности за вработување (78%)

Дури 87,10% од испитаниците кои емигрираат не се членови на политички партии, што јасно укажува на заморот од партизацијата и недовербата кон системот.

За жал, државата понекогаш обесхрабрува наместо да даде поддршка. Ана (23), дипломирана економистка која сонувала да отвори маркетинг агенција, наишла на сериозни препреки во локалната самоуправа.

„Имам идеи и енергија, но кога ќе дојдам до општината, се губам во хартија и бирократија. Се чувствувам како да ми велат: 'Не си добредојдена'", раскажува таа.

Многу млади ја повторуваат истата порака: не е во прашање само платата, туку желбата да се работи во фер систем, без партиски книшки и врски, каде трудот реално се вреднува. Младите не заминуваат затоа што сакаат, туку затоа што чувствуваат дека немаат избор.

На овие предизвици директно одговори проектот „Зајакнување на младите: поттикнување на граѓанскиот ангажман и претприемништвото во Полошкиот регион", спроведен од организациите: АДИ Гостивар, Центарот за едукација и развој Теарце, Институтот за лидерство и јавни политики Тетово и Институтот за социјална промена ИнСоК Тетово, со поддршка на Цивика мобилитас.

**Прочитајте ја целата сторија.**

**Адресар на граѓански организации**

**Ресурси од граѓански организации**

**Магазин „Граѓаните за промена“**

**Вести од граѓански организации**

**Граѓански стории**

**Граѓански импулс**

**Кодекс за граѓански организации**

**Државно финансирање за граѓански организации**

**Civica Mobilitas Community**

**Civica Mobilitas ePlatform**

# ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА

Главен и одговорен уредник: Гонце Јаковлеска

Уредник: Каролина Ѓурковска

Адреса на редакцијата:
ул. Никола Парапунов бр. 41а, поштенски фах 55, 1060 Скопје

Телефон: ++ 389 (0)2 3065 381

Е-маил: helpdesk@civicamobilitas.mk

**„Граѓаните за промена“ го издава програмата Цивика мобилитас проект на Швајцарската амбасада кој го спроведуваат Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со НИРАС од Данска и ФЦГ од Шведска.**

Прилозите објавени во ова списание ги изразуваат погледите на авторите и/или организациите кои придонесуваат кон списанието, но не оние на Амбасадата на Швајцарија или оние на организациите спроведувачи: МЦМС, НИРАС или ФЦГ.

www.civicamobilitas.mk